

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 62,
МЕСЕЦ
СЕПТЕМВРИ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ КОЈ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 40 КОРИСНИЦИ. ВКУПНАТА ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 40.856.910 ДЕНАРИ.



ЗАЕДНИЧКА АКЦИЈА НА СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ЈП КОМУНАЛЕЦ.

ЗАВРШЕНО АСФАЛТИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ И ПРОКОПИ НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ. ВО ИЗМИНАТИТЕ ДЕНОВИ ВГРАДЕНИ СЕ 60 ТОНИ АСФАЛТ И ЗАКРПЕНИ СЕ ОКОЛУ 350М2 ПРОКОПИ.



КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАН Е БУЛЕВАР „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ" НА ПОВРШИНА ОД 2000 М2.ПРЕТХОДНО НА ОВОЈ БУЛЕВАР СЕ ВРШЕШЕ ГРЕБЕЊЕ И ПОРАМНУВАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО ВОЛОНТЕРИ И СЛУЖБИ ОДГОВОРНИ ЗА ЗЕЛЕНИЛО ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПОДГОТВИЈА НОВА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА КОЈА Е ВЕЌЕ ПОСЕАНА ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ НА УЛ.„ДИСАНСКА", НА ВЛЕЗОТ НА ГРАДСКИОТ ПАРК. ИСТАТА Е ОЗЕЛЕНЕТА И СО НОВ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ЛИЧКА И ВЛАДИМИР НАЗОР, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.



ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ПАРК ВО СКЛОП НА СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" НА ПОВРШИНА ОД 14000 М2, СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 9.870.000,ОО ДЕНАРИ.
ПРИ ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ПАРК ВО ЦЕЛОСТ ЌЕ БИДЕ ОПФАТЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ИГРАЛИШТА, ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ПОСТАВУВАЊЕ НА ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И УРБАНА ОПРЕМА. СО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПАРКОТ ЌЕ СЕ НАПРАВИ ПЕШАЧКА ВРСКА СО КЕЈОТ КОЈ Е ВО ПООДМИНАТА ФАЗА НА ИЗГРАДБА И СО ТОА ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ КОМПЛЕТНА ПЕШАЧКА ЗОНА И РЕКРЕАТИВЕН ДЕЛ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ ПРЕМИЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРОФ. Д-Р ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, КОЈ ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРИСУСТВУВАА НА ПОСТАВУВАЊЕ КАМЕН ТЕМЕЛНИК НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИОТ ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО НА ПОВРШИНА ОД 530М2, ОД КОИ САМО ЗА СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ 360 М2, ДОДЕКА ОСТАНАТИОТ ДЕЛ ЌЕ БИДЕ НАМЕНЕТ ЗА СОБЛЕКУВАЛНИ, ТОАЛЕТИ И ЕДНА ДЕЛОВНА ПРОСТОРИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ДРЕНОВО. ИНВЕСТИЦИЈАТА ВО ВИСИНА ОД 30 МИЛИОНИ ДЕНАРИ Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА ЛЕПЕЊЕТО НА ГУМЕНА ПОДЛОГА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ.„БРАЌА ЏУНОВИ“ НА ПОВРШИНА ОД 185М$^2$ ПО ШТО НА ИСТОТО ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ТЕРА-КОТА ОД ПРИЛЕП.



ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАЦИ ОД УЛ. „25 МАЈ" ВО ДОЛЖИНА ОД 440М И ПОВРШИНА ОД 3420 М2 КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА".
НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





20. ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛ. „РИСТО ЏОНДЕВ" КОИ ОПФАЌААТ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТАЛОЖНИЦИ, ИЗРАБОТКА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф1000, ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ РЕШЕТКИ, А ВО ВТОРА ФАЗА СЛЕДУВА АСФАЛТИРАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛ. „ДОМОВИЦА" ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ ЗА ПРОБИВАЊЕ. СО ОВА КОМПЛЕТНО ЌЕ СЕ ЗАВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ОВОЈ ДЕЛ ОД УЛИЦА „ДОМОВИЦА". ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО БОХУЛА, ТАМПОНИРАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 600 МЕТРИ. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 6 000 000 ДЕНАРИ, ОД КОИ 2 000 000 ДЕНАРИ СЕ ОД БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ, А ОСТАНАТИОТ ИЗНОС Е ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



АСФАЛТИРАН Е ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД СЕЛО БОЈАНЧИШТЕ ДО РЕКА БЛАШНИЦА (ВЛИВ НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО) ВО ДОЛЖИНА ОД 800 МЕТРИ, НА КОЈ ПРЕТХОДЕШЕ ТАМПОНИРАЊЕ И ОДВОДНУВАЊЕ. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА СЕ СОСТОИ ОД 6.000.000 ДЕНАРИ ОД КОИ 3.000.000 ДЕНАРИ СЕ ОД БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ, А ОСТАНАТИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИЗВРШЕН И УВИД НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА И МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ПРОЕКТ КОЈ КАКО ДЕЛ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА ПОЛЕКА СТАНУВА РЕАЛНОСТ. ИСТИОТ ЌЕ БИДЕ СО КАПАЦИТЕТ ЗА 40 КОРИСНИЦИ, А ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ ИЗНЕСУВА 40.856.910 ДЕНАРИ, ОД КОИ 4.086.000 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ИЛИ 10 ПРОЦЕНТИ СЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ДОДЕКА ОСТАНАТИТЕ СРЕДСТВА СЕ ДОДЕЛЕНИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА. ЦЕЛТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДА ИМ ОВОЗМОЖИМЕ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ!





ПРОЕКТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО БОХУЛА.
ОТКАКО БЕШЕ ИЗВРШЕНО ТАМПОНИРАЊЕ, ДЕНОВИВЕ СЕ ПОСТАВУВААТ ИВИЧЊАЦИ, ПО ШТО СЛЕДУВА АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ВО ДОЛЖИНА ОД 600 МЕТРИ. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 6.000.000 ДЕНАРИ ОД КОИ 2.000.000 ДЕНАРИ СЕ ОД БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ, А ОСТАНАТИОТ ИЗНОС Е ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



РЕДОВНО СЕ САНИРААТ СИТЕ ПРОКОПИ ВО УРБАНИТЕ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ
ДЕНЕС ОД СТРАНА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СЕ РАБОТИ НА АСФАЛТИРАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРОКОПИ НАПРАВЕНИ ПРИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА БУЛЕВАРИТЕ „ЦВЕТАН ДИМОВ" И „СЕВЕРЕН БУЛЕВАР".



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА КРАК ОД УЛ. „25 МАЈ" СО ШТО ПАРАЛЕЛНО СЕ ГРАДИ И ПОТПОРЕН ЅИД СО ШТО БИ СЕ ОВОЗМОЖИЛ СООДВЕТЕН ПРИСТАП НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛ. „РИСТО ЏОНДЕВ" КОИ ОПФАЌААТ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТАЛОЖНИЦИ, ИЗРАБОТКА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф1000, ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ РЕШЕТКИ, ПО ШТО ВО ВТОРА ФАЗА СЛЕДУВА АСФАЛТИРАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



ПОСТАВЕНИ СЕ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. „4 ЈУЛИ" КОИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД ПАКОМАК, ДОДЕКА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ИЗВЕДУВАЧОТ ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП ДЕНОВИВЕ ЌЕ ПОСТАВИ И ГУМЕНА ПОДЛОГА НА ПОВРШИНА ОД 130М2 СО ШТО ИГРАЛИШТЕТО ЌЕ БИДЕ КОМПЛЕТИРАНО И ПУШТЕНО ВО ФУНКЦИЈА.



ЗАПОЧНА ПОСТАВУВАЊЕТО НА СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПРВЕНСТВЕНО НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА КОН СЕЛАТА РАЕЦ, ДРЕНОВО И ШИВЕЦ А ПОТОА И НА УЛИЦИ НИЗ ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ И ТОА ВКУПНО: 240 ЗНАЦИ, 160 СТОЛБОВИ И 10 ОГЛЕДАЛА.
ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ Е 1.000.000 ДЕНАРИ А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА БОЛТА ИНГ ОД СКОПЈЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ.

ДЕНОВИВЕ СЕ ОТПОЧНА ВО СЕЛО МАРЕНА, А МОМЕНТАЛНО СЕ РАБОТИ ВО ПАРК ПОЛАНА И ПРОСТОРОТ НА УЛ. „7-МИ СЕПТЕМВРИ" ОКОЛУ ОБЈЕКТОТ НА ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ И НА ПОВЕЌЕ ОД 20 ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНАТА, И ТОА 562 БРОЈА СВЕТИЛКИ, МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ВИСИНА ОД 5 ,6, 8, 10 И 12 МЕТРИ ВКУПНО 494 БРОЈА, ВО ДОЛЖИНА ОД 13.255 МЕТРИ.

ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ Е 65.000.000 ДЕНАРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО СКОПЈЕ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА НАБАВКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА УРБАНА ОПРЕМА – 58 КЛУПИ, НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ. ДЕНОВИВЕ СЕ ПОСТАВЕНИ 16 КЛУПИ, А ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД Е ПРЕДВИДЕНО ДА СЕ ПОСТАВАТ И ОСТАНАТИТЕ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ.



СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИСТАПИЈА КОН РУШЕЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕН ПОМОШЕН ОБЈЕКТ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВУВАЊЕ НА ПЛАСТИЧНИ СТОЛБЧИЊА, ОГЛЕДАЛА И СРЕДСТВА ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.




СЛУЖБИ ОД ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПОСТАВИЈА 11 НОВИ КАНДЕЛАБРИ СО СВЕТИЛКИ НА ТРОТОАРОТ НА ЗГРАДИТЕ НА БУЛЕВАР НИКОЛА МИНЧЕВ.

МАТЕРИЈАЛОТ ЗА КАНДЕЛАБРИТЕ Е ДОНАЦИЈА ОД КОЖУВЧАНКА А ИСТИТЕ СЕ ИЗРАБОТЕНИ ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ!



ИЗГРАДБА НА НОВ ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. „КЛИНСКА" СПОЈ СО УЛ. „ЛАЗО АСИЈАТА".

НА МЕСТОТО НА ПОСТОЕЧКИОТ ПОТПОРЕН ЅИД ОД КАМЕН КОЈ ШТО СЕ УРНА ОД НЕВРЕМЕТО КОЕ ЈА ЗАФАТИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СЕГА СЕ ПРИСТАПУВА КОН ИЗГРАДБА НА НОВ ЗА ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ И СЕКАКО, ДА МОЖАТ ГРАЃАНИТЕ НА ОВИЕ УЛИЦИ НЕПРЕЧЕНО ДА ФУНКЦИОНИРААТ.



ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ" СПОЈ СО „ЃОРЕ БРУШАНСКИ", ВО ДОЛЖИНА ОД 65 МЕТРИ, ПО ШТО ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ СЛИВНИ РЕШЕТКИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ ОД АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЕВРОГРАДБА ОД СТРУМИЦА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРЕМИЕРОТ МИЦКОСКИ ГО ПОСЕТИ ОВР КАВАДАРЦИ, КАДЕ ЗАЕДНО СО МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ТОШКОВСКИ И ДИРЕКТОРОТ НА БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ ЈАНЕВ ПРИСУСТВУВАА НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ SAFE CITY. SAFE CITY Е ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНАТА СО МЕМОРАНДУМ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, СО ШТО ЌЕ СЕ ОВОЗМОЖИ НА МВР ДА ГИ ГЛЕДААТ ВКУПНО 220 КАМЕРИ НА ОПШТИНАТА. СО ОВА КАВАДАРЦИ ЌЕ БИДЕ КАКО БЕЗБЕДЕН ГРАД ИНТЕГРИРАН ВО РАМКИТЕ НА ЕДЕН ПОГОЛЕМ ПРОЕКТ ШТО ГО РАБОТИ МИНИСТЕРСТВОТО.





СЕ РАБОТИ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА БУЛЕВАР „КОЧО РАЦИН“ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



ЗАПОЧНА ЛЕПЕЊЕТО НА ГУМЕНА ПОДЛОГА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ.„СОЛУНСКА ГЛАВА“ НА ПОВРШИНА ОД 230М$^2$, НА КОЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И ЌЕ СЕ РЕПАРИРААТ ПОСТОЕЧКИТЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.



# ОБРАЗОВАНИЕ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ВРШИТЕЛОТ НА ДОЛЖНОСТИ ОД АМБАСАДАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА ВО МАКЕДОНИЈА, Г-ДИН КСУ ЛЕИ, БЕА ВО ПОСЕТА НА О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ.
ИМ ЧЕСТИТАА И ПОСАКАА УСПЕХ НА ПРВАЧИЊАТА ВО НИВНОТО НОВО ПОГЛАВЈЕ ОД ЖИВОТОТ, А НА СИТЕ УЧЕНИЦИ И ВРАБОТЕНИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ИМ ПОСАКАА СРЕЌА И УСПЕХ ВО НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА. ВО ОВАА ПРИЛИКА ГИ ИСПРОМОВИРАА И НОВИТЕ СМАРТ ТАБЛИ, ПО ЕДНА ЗА СЕКОЕ ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ КОИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД АМБАСАДАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА ВО МАКЕДОНИЈА, ВО ВРЕДНОСТ ОД 400.000 ДЕНАРИ. ОВИЕ СМАРТ ТАБЛИ СЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НАСТАВАТА СО ЦЕЛОСЕН СОФТВЕР И ПРОЕКТОР КОИ СЕКАКО ЌЕ ПРИДОНЕСАТ МНОГУ ВО СЕКОЈДНЕВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО И НАДГРАДУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО НА СИТЕ УЧЕНИЦИ.





РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКА САЛА ВО С.О.У „ЌИРО СПАНЏОВ БРКО".
ОВИЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ОПФАЌААТ КОМПЛЕТНО РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА СПОРТСКАТА САЛА, ПРОМЕНА НА КРОВ, ПОД, ХОДНИК, ВНАТРЕШНИТЕ ЅИДОВИ ОД СПОРТСКАТА САЛА И МАШКИТЕ И ЖЕНСКИТЕ СОБЛЕКУВАЛНИ. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА СОБЛЕКУВАЛНИТЕ Е ВО СОРАБОТКА СО КОМПАНИЈАТА ДРЕКСЛМАЈЕР, А ОСТАНАТИТЕ АКТИВНОСТИ СЕ ОД ЗАЕДНИЧКИ СРЕДСТВА.



# ОБРАЗОВАНИЕ

ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВОТ ВО О.О.У „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО". РЕКОНСТРУКЦИЈАТА ОПФАЌА ЗАМЕНА НА СТАРИОТ КРОВЕН ПОКРИВАЧ ОД АЗБЕСТ, ЦЕМЕНТНИ ТАБЛИ СО НОВ ПОКРИВАЧ ОД СЕНДВИЧ ПАНЕЛ СО ИСПОЛНА ОД МИНЕРАЛНА КАМЕНА ВОЛНА.
ИНВЕСТИЦИЈА НА МОН, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИБО ОД ПРИЛЕП.



ВТОРА ГОДИНА ПО РЕД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УСПЕШНО ГО ИМПЛЕМЕНТИРА ПРОЕКТОТ „БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ" КОЈ ГИ ОПФАЌА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ И ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА. СО БЕСПЛАТНИОТ ОБРОК СЕ ХРАНАТ ВКУПНО 1780 УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ДО ПЕТТТО ОДДЕЛЕНИЕ.
МЕНИТО Е НУТРИЦИОНИСТИЧКИ ИЗГОТВЕНО И ВКЛУЧУВА РАЗНОВИДНА ХРАНА, ПИЈАЛОК И ОВОШЈЕ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 20.000.000 ДЕНАРИ, ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.
УСПЕАВМЕ ДА ИМ ОЛЕСНИМЕ НА РОДИТЕЛИТЕ КОИ ЗА ПРВПАТ ГИ ЗАПИШУВААТ СВОИТЕ ДЕЦА ВО УЧИЛИШТЕ, НО НАЈВАЖНО ОД СЕ Е ШТО ОВОЗМОЖИВМЕ ПРАВИЛНА И НАВРЕМЕНА ИСХРАНА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА.



# НАСТАНИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ИНКЛУЗИВНА ОПШТИНА! ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СТАВА АКЦЕНТ НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПОДДРШКАТА НА СИТЕ УЧЕНИЦИ. БЛАГОДАРЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОПШТИНСКО-КОРИСНА РАБОТА ПРЕКУ УНДП, ПОЧЕТОКОТ НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА ОБЕЗБЕДИВМЕ ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ КОИ ЌЕ ГИ ПРИДРЖУВААТ НАШИТЕ УЧЕНИЦИ СО ЦЕЛ СИТЕ СИТЕ УЧЕНИЦИ ДА ИМААТ ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА УСПЕХ. СО ОВА ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ГРАДИМЕ ОПШТЕСТВО КАДЕ ШТО ИНКЛУЗИЈАТА И ЕДНАКВОСТА СЕ НАШИТЕ НАЈВИСОКИ ПРИОРИТЕТИ.
ИНКЛУЗИЈАТА НЕ ЗНАЧИ САМО ПРИСУСТВО, ТУКУ АКТИВНО УЧЕСТВО И ПРИФАЌАЊЕ НА СЕКОЈ УЧЕНИК КАКО ВАЖЕН ЧЛЕН НА ЗАЕДНИЦАТА.




ВО СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР „ЈАСМИН" КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА МЕМОРИЈАЛНИОТ ТУРНИР ВО ФУТСАЛ ЗА МАШКИ „ЉУПЧО ФИЛИПОВ" КОЈ Е ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗОТ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА КАВАДАРЦИ.
НА ТУРНИРОТ ЗЕМАА УЧЕСТВО ЕКИПИ ОД КАВАДАРЦИ, НЕГОТИНО, СТРУМИЦА И НАСЕЛБА ИЛИНДЕН, СКОПЈЕ.
ВЕЧНА СЛАВА!





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО Н.Е. Г-ДИН АНДРАШ КЛЕИН АМБАСАДОР НА УНГАРИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ГЛАВНИОТ АКЦЕНТ БЕШЕ СТАВЕН НА ПЛАНОВИТЕ НА ОПШТИНАТА ВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА КОИ МАКЕДОНИЈА ГИ ДОБИ КАКО ЗАЕМ ОД УНГАРИЈА. СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА МОЖНОСТА ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И АМБАСАДОРОТ ЌЕ ПРИСУСТВУВААТ И НА БИЗНИС ФОРУМОТ КОЈ ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО РЕСТОРАН МОКЛИШТЕ.



# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО АМБАСАДОРОТ НА УНГАРИЈА Н.Е АНДРАШ КЛЕИН И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УЧЕСТВУВАА ВО БИЗНИС ФОРУМ ОРГАНИЗИРАН ОД АМБАСАДАТА НА УНГАРИЈА. ГЛАВНА ЦЕЛ НА ФОРУМОТ Е ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ ДРЖАВИ, И НА ИСТИОТ ОД СТРАНА НА БОЈАН ЈАНАКИЕВСКИ, СЕ ПРЕЗЕНТИРАШЕ ЗА ХЕПА ( УНГАРСКА ТРГОВСКА КОМОРА) И НЕЈЗИНИТЕ УСЛУГИ СО МОЖНОСТ ЗА СОРАБОТКА ВО МАКЕДОНИЈА.





---

СВЕЧЕНА СЕДНИЦА ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ 7МИ СЕПТЕМВРИ. НА ПРИГОДЕН НАЧИН БЕШЕ ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ НА НАШЕТО КАВАДАРЦИ. НА СВЕЧЕНАТА СЕДНИЦА БЕА ДОДЕЛИ И НАЈВИСОКИТЕ ОПШТИНСКИ ПРИЗНАНИЈА. НАГРАДАТА "7МИ СЕПТЕМВРИ" ОВАА ГОДИНА ИМ СЕ ДОДЕЛИ НА ТРОЈЦА НАШИ СОГРАЃАНИ И МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ, УСПЕШНИ ВО СВОЈАТА ДЕЈНОСТ И ПРИМЕР ЗА СИТЕ КОИ РАБОТАТ И СОЗДАВААТ ВО КАВАДАРЦИ.





---

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ ИМАШЕ ПРИЕМ НА ГОСТИ И ДЕЛЕГАЦИИ ВО ПРИЈАТНА АТМОСФЕРА , ДОБРА МУЗИКА И ВКУСНА ХРАНА!
ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2024





# НАСТАНИ

СЕКОЈА КАРНЕВАЛСКА ГРУПА СО СВОЈА ПРИКАЗНА, СЕКОЈА УБАВА НА СВОЈ НАЧИН. ТРАДИЦИОНАЛНИОТ КАРНЕВАЛ И ОВАА ГОДИНА СО НАД 500 УЧЕСНИЦИ, И 31 КАРНЕВАЛСКА ПОСТАВКА ПРОДЕФИЛИРАА НИЗ УЛИЦИТЕ НА КАВАДАРЦИ, А КРАЛОТ И КРАЛИЦАТА ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ ДЕЛ ОД ГОСТИТЕ ГО ОТКИНАА ПРВИОТ ГРОЗД.





ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА МЛАДИНСКА РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ МЛАДИНСКА АКЦИЈА ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ" ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И UNICEF . ОВОЈ ПРОЕКТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ИЗГРАДИ КАПАЦИТЕТИТЕ НА МЛАДИТЕ ЗА ЛОБИРАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ, НО И ДА ГИ ПОТТИКНЕ ДА ГО КРЕНАТ СВОЈОТ ГЛАС И ДА ДОПРИНЕСАТ ВО БОРБАТА ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ НА ЛОКАЛНО НИВО.

НА РАБОТИЛНИЦАТА МЛАДИТЕ ГИ ПРЕТСТАВИЈА НИВНИТЕ БАРАЊА ЗА ПОЧИСТ ВОЗДУХ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ДИСКУТИРАА ЗА НИВНАТА МОЖНОСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ОД СТРАНА НА ОПШТИНАТА. ВОЕДНО ЦЕЛТА НА ОВАА РАБОТИЛНИЦА Е МЛАДИТЕ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО НОСИТЕЛИТЕ НА ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНА НИВО И САМИОТ ПРОЦЕС НА НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ.

МЛАДИТЕ СЕ ДВИГАТЕЛ НА ПРОМЕНИТЕ И ТОКМУ ЗАТОА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА ВАЖНОСТ Е ДА СЕ СЛУШНАТ И ИМПЛЕМЕНТИРААТ НИВНИТЕ БАРАЊА.







ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД СТРАНА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СВЕТСКА БАНКА, ЕДИНИЦА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ЕИП И СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ПРИСУСТВО НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, СЕ ОДРЖА ПОЧЕТЕН СОСТАНОК ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ ЗА КАВАДАРЦИ.

НА СОСТАНОКОТ БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ АКТИВНОСТИТЕ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ПЛАНОТ И РАСПОРЕД НА ИСТИТЕ, ИНИЦИЈАТИВИ ЗА УРБАНА МОБИЛНОСТ ПОВРЗАНИ СО АКТИВНИ НАЧИНИ НА ТРАНСПОРТ (ПЕШАЧЕЊЕ И ВОЗЕЊЕ ВЕЛОСИПЕД) ЈАВЕН ТРАНСПОРТ, УПРАВУВАЊЕ СО СООБРАЌАЈОТ, УПРАВУВАЊЕ СО ПАРКИРАЊЕ, БЕЗБЕДНОСТ, ПРОМОЦИЈА И КАМПАЊИ.



ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР

ЗА ОВОЈ ГРОЗДОБЕР УШТЕ ДОЛГО ЌЕ СЕ ЗБОРУВА

КАВАДАРЦИ УШТЕ ЕДНАШ ПОКАЖА И ДОКАЖА ДЕКА Е ПРИМЕР ЗА ТОА КАКО ТРЕБА ДА СЕ БИДЕ ДОМАЌИН НА ЕДНА МАНИФЕСТАЦИЈА ОД ОВИЕ РАЗМЕРИ. ОТСЕКОГАШ СМЕ ВАЖЕЛЕ ЗА ГОСТОПРИМЛИВ И ТОПОЛ НАРОД И ДРАГО НИ Е ШТО И НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ СЕ ВОСПИТУВААТ НА ТОЈ НАЧИН И ШТО ЗНАЕМЕ КАКО ДА НАПРАВИМЕ, СЕКОЈ ПОСЕТИТЕЛ НА КАВАДАРЦИ ДА СЕ ЧУВСТВУВА УБАВО И БЕЗБЕДНО. ВО КАВАДАРЦИ И МАКЕДОНИЈА, НО И НА БАЛКАНОТ, ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР Е ГЛАВНА ТЕМА ВО МЕДИУМИТЕ.

ОВА СЕКАКО НЕМАШЕ ДА БИДЕ ВОЗМОЖНО БЕЗ СИТЕ ОНИЕ КОИ СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА И КОИ НАПОРНО РАБОТЕА МЕСЕЦИ НАНАЗАД ЗА СЕ ДА БИДЕ ВО СОВРШЕН РЕД. ТУКА, ПРВО СЕ МИСЛИ НА ЦЕЛИОТ ТИМ, СИТЕ СЛУЖБИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ТЕКОТ НА СИТЕ ТРИ ДЕНА. ПОТОА НА СИТЕ ПОМАГАТЕЛИ, ПОДДРЖУВАЧИ И ДОНАТОРИ ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ. ВИНАРИИТЕ И УГОСТИТЕЛИТЕ КОИ СЕ ВСУШНОСТ И НОСИТЕЛИ НА ОВОЈ НАСТАН, МЕДИУМИТЕ КОИ ГО СЛЕДЕА СЕКОЕ СЛУЧУВАЊЕ, СЕКОЈ НАСТАН И ИНФОРМИРАА ЗА ТОА, И СЕКАКО, НАЈГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ НА КАВАДАРЧАНИ КОИ СЕ ПОКАЖАА НЕ САМО КАКО ДОБРИ ДОМАЌИНИ, ТУКУ И УЧЕСНИЦИ, И СЕКАКО БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ И ГОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА, КОИ ВИКЕНДОТ ГО ПОМИНАА ВО КАВАДАРЦИ. ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ЗА ПРИСУСТВОТО И НА ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА, ПРЕМИЕРОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТРИ, АМБАСАДОРИ, ПРАТЕНИЦИ, СОВЕТНИЦИ.

НАЈВАЖНО Е ТОА ШТО СИТЕ ТРИ ДЕНА БЕШЕ БЕЗБЕДНО ЗА СЕКОЈ И СЕКАДЕ, НЕ Е ЗАБЕЛЕЖАН НИТУ ЕДЕН ГОЛЕМ ИНЦИДЕНТ. КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА БРОЈОТ НА ПОСЕТИТЕЛИ, НЕОФИЦИЈАЛНО, ЗА СИТЕ ТРИ ДЕНА ИМАВМЕ НАД 120 000 ПОСЕТИТЕЛИ ИЛИ МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ. СЕ ЗГОЛЕМУВААТ И КОЛИЧИНИТЕ НА ИСПИЕНО ВИНО, КОИ СПОРЕД УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ВИНАРИИТЕ НАДМИНУВААТ 27 ТОНИ, БЕЛО И ЦРВЕНО ВИНО ОД ТИКВЕШКИОТ КРАЈ. ОВА СЕ НОВИ РЕКОРДНИ БРОЈКИ НА КОИ ШТО СМЕ ОСОБЕНО ГОРДИ.

ОВАА ГОДИНА ГОЛЕМО ВНИМАНИЕ ПРИВЛЕЧЕ И ГОЛЕМИОТ ТИКВЕШКИ КАРНЕВАЛ , СО ГОЛЕМ БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ И НОВИ, УНИКАТНИ КАРНЕВАЛСКИ МАСКИ. ДЕЛЕГАЦИИТЕ И ВИСОКИТЕ ГОСТИ БЕА ВООДУШЕВЕНИ И ГИ ИСПРАТИВМЕ СО ПОЗИТИВНИ ВПЕЧАТОЦИ. ДЕТСКОТО КАРНЕВАЛСКО ДЕФИЛЕ БЕШЕ БАЈКА КОЈА ВКЛУЧИ НАД 1200 ДЕЧИЊА КОИ ДОНЕСОА РАДОСТ И НАСМЕВКИ.

ИМАВМЕ УСПЕШНИ И ИСПОЛНЕТИ ТРИ ДЕНА, КУЛТУРНИ, ЗАБАВНИ, МУЗИЧКИ СОДРЖИНИ. ИМАВМЕ ПРОГРАМА ЗА СЕЧИЈ ВКУС. УСПЕШЕН КАРНЕВАЛ, ГОСТИ И ДЕЛЕГАЦИИ ОД СЕКАДЕ, И СЕКАКО ОД ДРЖАВНИОТ ВРВ.

ГО ИМАВМЕ НАЈУСПЕШНИОТ ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР ДО СЕГА!

ВАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!



# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ДОДЕЛИ БЛАГОДАРНИЦИ НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР 2024.

ВО ОВАА ПРИЛИКА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МЕЃУ ДРУГОТО ИСТАКНА ДЕКА ОВА НЕМАШЕ ДА БИДЕ МОЖНО БЕЗ СИТЕ ОНИЕ КОИ СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА И НА КОИ ИМ БЛАГОДАРИ. ТУКА, ПРВО СЕ МИСЛИ НА СИТЕ СЛУЖБИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ТЕКОТ НА СИТЕ ТРИ ДЕНА. ПОТОА НА СИТЕ ПОМАГАТЕЛИ, ПОДДРЖУВАЧИ И ДОНАТОРИ ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ. ВИНАРИИТЕ И УГОСТИТЕЛИТЕ КОИ СЕ ВСУШНОСТ И НОСИТЕЛИ НА ОВОЈ НАСТАН, НА МЕДИУМИТЕ КОИ ГО СЛЕДЕА СЕКОЕ СЛУЧУВАЊЕ, СЕКОЈ НАСТАН И ИНФОРМИРАА ЗА ТОА, И СЕКАКО, НАЈГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ НА КАВАДАРЧАНИ, КОИ КАКО И СЕКОГАШ СЕ ПОКАЖАА НЕ САМО КАКО ДОБРИ ДОМАЌИНИ, ТУКУ И УЧЕСНИЦИ, И СЕКАКО БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ И ГОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА.

ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НАЈВАЖНО БЕШЕ ТОА ШТО СИТЕ ТРИ ДЕНА БЕШЕ БЕЗБЕДНО ЗА СЕКОЈ И СЕКАДЕ. ИМАВМЕ УСПЕШНИ И ИСПОЛНЕТИ ТРИ ДЕНА, КУЛТУРНИ, ЗАБАВНИ И МУЗИЧКИ СОДРЖИНИ. ИМАВМЕ ПРОГРАМА ЗА СЕЧИЈ ВКУС. УСПЕШЕН КАРНЕВАЛ, ГОСТИ И ДЕЛЕГАЦИИ ОД СЕКАДЕ, И СЕКАКО ОД ДРЖАВНИОТ ВРВ. ИМАВМЕ УСПЕШЕН ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР РЕЧЕ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ. И ЗАТОА ВО ЗНАК НА ПОЧИТ И БЛАГОДАРНОСТ, НА СИТЕ КОИ ИМАА БИЛО КАКОВ ПРИДОНЕС ВО ИСПИШУВАЊЕТО НА ОВАА ПРИКАЗНА ПОД ОТВОРЕНО НЕБО ДЕНЕСКА ИМ БЕА ВРАЧЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ!

ДО СЛЕДНИОТ ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР. НЕКА НИ Е ЗА МНОГУ ГОДИНИ!






# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР










Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: Тони Јошевски

**Печати:** печатница АРТ Принт Студио

Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**